# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ



| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда 06 Ноември 2019 година Број 15/2019 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|



Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за доделување Шестоноемвриски плакети и признанија за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката За доделување Шестоноемвриски плакети и признанија за 2019 година, бр. 08-1680/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 05.11.2019 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1680/2 | Градоначалник на |
| 06 Ноември 2019 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа, член 5 и 8 став 2 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08-262/1 од 08.07.1997 година, како и двете измени и дополнување на Одлуката број 07-1470/1 од 20.08.2010 година и број 07-990/1 од 20.05.2013 година, Советот на општина Радовиш по повод одбележувањето на празникот „6-ти Ноември-75 - години од ослободувањето на Радовиш„, на седница одржна на 05.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
За доделување Шестоноемвриски плакети и признанија за 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат следните Шестоноемвриски плакети и признанија:

**ПЛАКЕТИ на:**

**-г-ѓа Милка Ефтимова** примадона на Македонската опера и балет
**-**за исклучителен придонес во афирмацијата на општина Радовиш

**-г-дин Мите Баков**
-за повеќедецениска работа и континуирана поддршка на јавните настани во општина Радовиш;

**-г-дин Симеон Џеков**
-за постигнати спортски успеси и афирмација на спортот во општина Радовиш;

**-г-дин Доне Донев**
-за четиридецениска афирмација на ликот и делото на Ацо Карамаанов

**-г-дин Јордан Митев**
-за афирмација на општина Радовиш во областа на фолклорот и културата;

**- Распеани Радовишани**
-за афирмација на општина Радовиш во областа на традицијата и културата;

**-г-дин Зоран Китанов ЈП за државни патишта**
-за особен придонес во развојот на патната инфраструктира во општина Радовиш;

**ПРИЗНАНИЈА на:**

-г-дин Јана Јованова
-Министерство за одбрана АРМ
-Дирекција за заќтита И спасување
-Центар за управување со кризи
-ЈП Национални шуми п.о. Радовиш
-ТППЕ Радовиш
-ОО на Црвен крст Радовиш
-ЈЗУ Здравствен дом Радовиш
- Хуманитарно здружение Верица ;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1680/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за прифаќање на физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување, бр. 08-1681/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 05.11.2019 година.

Бр. 09-1681/2 Градоначалник на
06 Ноември 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 став 1точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр.5/2002), а согласно член 16 и 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.весник на РМ бр.6/12,144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) Советот на општина Радовиш ја донесе на 36-та седница одржана на ден 05.11.2019 година

ОДЛУКА
за прифаќање на физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување

Член 1
Со ова Одлука се прифаќа физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во општина Радовиш.

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1681/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за усвојување на референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за за усвојување на референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш, бр. 08-1682/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 05.11.2019 година.

Бр. 09-1682/2 Градоначалник на
06 Ноември 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 став 1точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр.5/2002), а согласно член 16 и 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.весник на РМ бр.6/12,144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) Советот на општина Радовиш ја донесе на 36-та седница одржана на 05.11.2019 год.г., донесе

ОДЛУКА
за усвојување на референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш

Член 1

Со ова Одлука се усвојува референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш.

Член 2

Составен дел на ова Одлука е и Референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1682/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлука За измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Радовиш преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел бр. 08-1506/1 од 07.10.2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Радовиш преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел бр. 08-1506/1 од 07.10.2019 година, бр. 08-1683/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 05.11.2019 година.

Бр. 09-1683/2 Градоначалник на
06 Ноември 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) , член 17 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партберство, а во согласност со член 21 став 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр.5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 05.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Радовиш преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел бр. 08-1506/1 од 07.10.2019 година

Член 1

Се менува и дополнува член 5 од Одлуката број 08-1506/1 од 07.10.2019 година и гласи:

„Проценета вредност на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерс тво е -82.350.000 денари без пресметан ДДВ„.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1683/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1684/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 05.11.2019 година.

Бр. 09-1684/2 Градоначалник на
06 Ноември 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 05.11.2019 г., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **05.11.2019** година и тоа:

-Комисија за награди и признанија 5-та седница одржана на 30.10.2019 год.;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1684/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2019 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за доделување Шестоноемвриски плакети и признанија за 2019 година --------- 1
ОДЛУКА За доделување Шестоноемвриски плакети и признанија за 2019 година --------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прифаќање на физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување ---------------------------------------- 2
ОДЛУКА за прифаќање на физибилити студијата за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување ---------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за усвојување на референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш ---------------- 2
ОДЛУКА за усвојување на референтната годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Радовиш ----------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука За измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Радовиш преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел бр. 08-1506/1 од 07.10.2019 година ---- 3
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Радовиш преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел бр. 08-1506/1 од 07.10.2019 година --- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш -------------------------------------------- 3
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш -------------------------------------------- 4